# НАСТАВНА ПРОГРАМА
# ЗА
# МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
| --- | --- |
| Љубомир Д. Фрчкоски – раководител | Професор, доктор |
| Сашо Георгиевски | Професор, доктор |
| Татјана Петрушевска | Професор, доктор |
| Елена Михајлова-Стратилати | Професор, доктор |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| **Име и презиме на соработникот:** | **Научен степен и академско звање на соработникот:** |
| --- | --- |
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:**<br>Меѓународно јавно право | |
| --- | --- |
| **Код на предметната програма:**<br>50806 | **Број на кредити:**<br>7 |
| **Вкупно часови настава:**<br>60 | **Број на страници задолжителна литература:**<br>до 390 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма:**<br>втора година | **Семестар во кој се изучува предметната програма:**<br>3 семестар |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

**Опис на предметната програма**

Предметот Меѓународно јавно право е структуриран така што на студентот ќе му овозможи стекнување на базични, но суштински познавања на основните категории на оваа класична правна дисциплина. При тоа, меѓународното право се изучува во неговата динамичка димензија, а не како прост „збир на норми" со кои се уредени односите помеѓу државите и останатите субјекти, што претпоставува разбирање на сложените политички и други процеси кои доведуваат до создавање на правните норми и вредносно-ориентиран пристап кон анализата на важечките меѓународни норми.

Воведниот дел од предметот се бави со објаснување на меѓусебно поврзаните категории на меѓународната заедница, меѓународниот поредок и меѓународното право, со цел да се лоцира местото и улогата на последното во поширокиот контекст, како и со определување на правната природа и опфатот на меѓународното право.

Во вториот дел се изучуваат: 1. субјектите на меѓународното право, 2. основните принципи со кои се уредени меѓународните односи (суверена еднаквост на државите; имунитети и други ограничувања на суверенитетот; не-мешање во внатрешните работи на државите; забрана за употреба на сила; обврската за мирно решавање на споровите; почитување на човековите права; самоопределување на народите).

Третиот дел е посветен на 3. процесот на создавање на меѓународното право, преку третирање на изворите на меѓународното право и толкувањето на ова право, а четвртиот - на 4. имплементацијата на меѓународното право.

Настрана од општиот дел, во рамките на предметот Меѓународно јавно право, посебно се изучуваат некои специфични институти на меѓународното јавно право и/или релевантни меѓународни режими, како што се правилата околу интервенцијата и употребата на сила, Обединетите нации и нивната улога во современите меѓународни односи, природата и основните принципи на правото на Е.У., како специфичен регионален поредок итн.

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

држава, меѓународен договор, меѓународен обичај, права, меѓународна заедница, меѓународен спор, сила, меѓународни организации

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

**Цели и резултати што треба да се постигнат**

Со завршувањето на овој предмет, се очекува студентот најмалку да биде оспособен да ја познава суштината и опсегот на меѓународното јавно право; да знае каде и како да ги пронајде меѓународно-правните норми; да ги толкува и применува овие норми; да има увид во основните вредности, институции и постапки врз кои што се темели меѓународното право, што би му овозможило понатамошно продлабочено изучување на посебните меѓународно-правни дисциплини.

## VI. Методологија на предавање

**Методологија на предавање**

Предметната содржина ќе биде предавана низ современи методи за систематско и интегрално изучување на теоретските аспекти од специјализираната област. Материјата ќе биде продлабочено, критички и споредбено анализирана од студентите во интерактивен однос со нивните предавачи.

Во стекнувањето и утврдувањето на теоретското знаење студентите ќе работат во групи или индивидуално. Студентите непосредно ќе анализираат релевантни пресуди од Меѓународниот суд на правдата во Хаг, од каде ќе формулираат правни аргументи и ставови кои понатаму ќе бидат дискутирани и евалуирани.

Студентите ќе бидат активни и во истражувањето на проблематиката од теоретски и практичен аспект. Своите сознанија ќе ги презентираат пред групата, и истите ќе бидат предмет на пошироки дискусии. Ќе бидат поставени повисоки стандарди на истражувачката активност од кои се очекува постигнување на квалификувани сознанија и резултати, промислени и автентични на современиот интерес за материјата која се проучува.

## VII. Начин на оценување

| **Начин на оценување** |
| --- |
| Оценувањето на редовните студенти во рамките на предметната програма се остварува преку континуирано и завршно оценување.<br><br>(1) Континуираното оценување содржи колоквиум, кој се спроведува по завршување на шестата недела од наставата и по неделата за учење, од материјата предадена во првите шест недели од наставата. Колоквиумот се полага по писмен пат. Оценувањето на колоквиумот е описно (положил/не положил) и е услов за полагање на завршниот испит.<br><br>(2) Завршното оценување (завршен испит) се врши по писмен пат. Завршното оценување е нумеричко, со оценка од 5 (пет) до 10 (десет), врз основа на следниов критериум:<br>- од 60 до 67 поени — 6 (шест);<br>- од 68 до 75 поени — 7 (седум);<br>- од 76 до 83 поени — 8 (осум);<br>- од 84 до 91 поен — 9 (девет);<br>- од 92 до100 поени —10 (десет).<br><br>Оценувањето на вонредните студенти се остварува само преку завршно оценување по писмен пат. |

## VIII. Детална структура на предметната програма

| **Недела бр. 1** | **број на часови:** 4 |
| --- | --- |
| **назив на тематската целина:**<br>Воведни предавања | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- предмет;<br>- основни поими: меѓународно право, меѓународен систем, меѓународно општество/заедница<br>- кратка историја на меѓународното право<br>- меѓународната политика и меѓународното право | |
| **Недела бр. 2** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Основни принципи и карактеристики на меѓународното право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>Суверена еднаквост на државите; забрана на закана и употреба на сила во меѓународните односи и принцип на неинтервенција; мирно решавање на | |

| | |
|---|---|
| спорови; право на народите на самоопределување; слободно изразена волја на државите како основ за создавање на право;ефективност и реципроцитет; супсидијарност; почитување на човековите права; принципи на демократија и владеење на право. | |
| **Недела бр. 3** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Извори на меѓународното право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>општо за изворите<br>меѓународно обичајно право<br>меѓународни договори и општи принципи на правото | |
| **Недела бр. 4** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Однос помеѓу меѓународното право и внатрешното право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 5** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Субјекти на меѓународното право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- општо за субјектите на меѓународното право<br>- државата како субјект<br>- признавање на држави<br>- надлежност на државата<br>- основни права и должности на државата<br>- сукцесија на држави<br>- други субјекти во меѓународното право | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Одговорност на државите за повреда на меѓународните обврски | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Видови на меѓународна одговорност, услови на за постоење на меѓународна одговорност на државата... | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Меѓународно право за правата на човекот | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 8** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Меѓународни организации | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Дипломатско и конзуларно право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 10** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Меѓународно договорно право | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 11** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Решавање на спорови | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>Поделба на меѓународните спорови<br>Политички начини на решавање на споровите<br>Правни начини на решавање на споровите | |
| **Недела бр. 12** | **број на часови:** 4 |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Меѓународното право и употребата на сила од страна на државите | **задолжителна литература:**<br>Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |

## IX. Литература

| **Задолжителна литература** |
|---|
| Фрчкоски, Љ. Д., С. Георгиевски, Т.Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012. |
| **Дополнителна литература** |
| - Harris, D.J., *Cases and Materials on International Law*, Sweet and Maxwell, |

London, 1998
- Malcolm N. Shaw, *International law*, sixth edition, Cambridge University Press, 2008
- Ian Brownlie, *Principles of Public International Law*, fifth edition, Oxford University Press, 1998
- Evans, Malcolm D. (ed.), *International Law*, fourth edition, Oxford University Press, 2014
- Donald K. Anton, Penelope Mathew, Wayne Morgan, International Law: cases and materials, Oxford University Press, 2005